С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 1 година XLII 26 јануари 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

1.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-278/1
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 2 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05), а во согласност со Законот за буџети („Сл.весник на РМ" бр.64/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана 25.01.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велесза 2006 година

Член 1

Во Буџетот на Општина Велес за 2006 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.15/05), во раздел 71101, во „Билансот на приходи“, се вршат следниве измени:

Во колоната „Основен буџет“, с/ка 630 се брише износот од „8.610.220“ ден. на потставката 741112 - Трансфери од Буџетот на РМ и се заменува со „0“ ден.

Во колоната „Приходи од наменски дотации“ се додава нова потставка 741119- „Наменска дотација на општината за активности од пожарникарството“ во износ од „8.610.220“ ден.

Во посебниот дел на Буџетот на Општина Велес, раздел 71101, во „Билансот на расходи“, се вршат следниве измени:

- Во програма W -„Противпожарна заштита", потпрограма W0 - „Противпожарна заштита" во колоната за „основен буџет" с/ка 630, се врши бришење на следниве потставки:

401120 Основни плати-државни службеници, износот од „3.395.340" ден. се замен.со „0" ден.

401230-Плата за работа во ноќна смена, износот од „1.014.204"ден. се замен.со„0" ден.

401310 - Надомест за превоз до и од работно место, износот од „128.700“,се заменува со „0“ ден.

401320 - Надомест за храна, износот од „632.500" ден., се заменува со „0" ден.

401510 Персонален данок на доход од плата, износот од „656.940" ден. се заменува со „0" ден.

402110 Основни придонеси за ПИО, износот од „1.368.984" ден. се заменува со „0" ден.

402190 - Други придонеси за ПИО, износот од „446.364“ ден.,се заменува со „0“ ден.

402210 - Основни придонеси за здравство, износот од „593.976“ се заменува со „0“ ден.

402220 - Основен придонес за професионална забрана ,износ.од „42.660“ ден. се заменува со „0“ ден.

402290 - Други придонеси за фонд за здравство , износ.од „193.668“ ден. се замен. со „0“ ден.

402310 - Основни придонеси до Агенција за вработување, износот од „103.224“ ден. се заменува со „0“ ден.

402390 - Други придонеси до Агенција за вработување, износот од „33.660“ ден. се заменува со „0“ ден.

Член 2

Во програма W - „Противпожарна заштита", потпрограма W0 - „Противпожарна заштита" во колоната „Расходи од наменски дотации",с/ка 930, се додаваат следниве потставки:

401130 Основни плати-други вработени, износот од „0" ден. се замен.со„3.395.340" ден.

401230 - Плата за работа во ноќна смена, износот од„0" ден.се заменува со „1.014.204" ден.

401310 - Надомест за превоз до и од работно место, износот од „0“ ден., се заменува со „128.700“ден.

401320 - Надомест за храна, износот од „0" ден., се заменува со „632.500"ден.

401510 Персонален данок на доход од плата, изн.од „0" ден. се заменува со „656.940"ден.

402110 Основни придонеси за ПИО, износот од „0" ден. се заменува со „1.368.984"ден.

402120 - Придонес за бенифициран стаж, износот од „0“ ден.,се заменува со „446.364“ден.

402210 - Основни придонеси за здравство, износот од„0“ ден. се заменува со „593.976“ ден.

402220 - Основен придонес за професионално заболување, износ.од „0“ ден. се заменува со „42.660“ ден.

402290 - Други придонеси за фонд за здравство, износ.од „0“ ден. се замен. со „193.668“ден.

402310 - Основни придонеси до Агенција за вработување, износ. од „0“ ден. се заменува со „103.224“ ден.

402390 - Други придонеси до Агенција за вработување, износ. од „0“ ден. се замененува со „33.660“ ден.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 0701-263/1
25.01.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

2.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/1
25 јануари 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 57 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 57, став 2 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.01.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на организирање на општинската администрација на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.6/05 и 8/05) во членот 3, во ставот 8 после зборовите „ Општина Градско“се додаваат зборовите „Општина Лозово“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-262/3
25.01.2006 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

3.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита

Се прогласува Одлуката за делегирање на дел надлежностите на Општина Велес од областа на социјалната заштита, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/2
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“) и член 5-а, од Закон за социјалната заштита ("Службен весник на РМ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04 и 62/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита (во понатамошниот текст вршител на делегирана надлежност).

Член 2

Се делегираат надлежностите опфатени со Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2006 година, со исклучок на делот од Програмата што се однесува на Јавната установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев“.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежности од областа на социјалната заштита.

Член 4

Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

Член 5

За својата работа, вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни шестмесечни извештаи до Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи и Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации.

Член 6

Надлежностите од член 2 од оваа одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

број 0701-262/4
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

4.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05), Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на спортот

Се прогласува Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од

областа на спортот, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/3
25 јануари 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на спортот

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на спортот на здруженија на граѓани од областа на спортот (во понатамошниот текст вршител на делегирана надлежност).

Член 2

Се делегираат надлежностите опфатени со Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година, со исклучок на делот од Програмата што се однесува на областите млади и поддршка на НВО секторот.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежности од областа на спортот.

Член 4

Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

Член 5

За својата работа, вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни шестмесечни извештаи до Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи и Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации.

Член 6

Надлежностите од член 2 од оваа одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

број 0701-262/5
25.01.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

5.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за нарачка на авторско дело

Се прогласува Одлуката за нарачка на авторско дело, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/4
25 јануари 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 3 од Законот за авторското право и сродните права пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 23/05), член 36, став 1точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 23,став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес “ бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година донесе,

ОДЛУКА
за нарачка на авторско дело

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува нарачката на авторско дело, индивидуална и

интелектуална творба од применетата уметност и дизајнот.

Авторското дело е изработка на маса и пет столици во длабокорез.

Член 2

Уметничкото дело, маса и пет столици во длабокорез ќе биде изложено како експонат во двонаменскиот простор Ликовниот салон-Сала за венчавање и по потреба ќе се користи на свечениот чин при склучување бракови.

Член 3

Договор за изработка на уметничко дело по нарачка , ќе биде склучен со копаничарот Љубомир Бисинов од Велес за бруто износ од 600.000,оо ден.

Скиците за уметничкото дело по нарачка, како и записникот од договорната средба со авторот се составен дел на оваа одлука.

Начинот и условите за наплата и роковите за изработка на уметничкото дело ќе бидат регулирано со договорот.

Член 4

Договорот за изработка на уметничко дело по нарачка, ќе биде склучен помеѓу Општина Велес претставувана од Градоначалникот на Општина Велес и авторот со посредништво на Македонската Авторска агенција.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-262/6
25.01.2006 година
В е л е с

Претседател
на Совет на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

6.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/5
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр. 68/04) и член 23 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.4/05, 11/05 и 13/05) во членот 29 по зборот „опрема”, понатамошниот текст до крајот на реченицата се брише и се додава нов текст кој гласи:

- „на автобуските стојалишта и свртувалишта со сума од 750,00 денари по активно возило и тоа за една година однапред, до истекот на лиценцата“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-262/7
25.01.2006 година
В е л е с

Претседател
на Совет на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

7.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за враќање на доработка на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за враќање на

доработка на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/6
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за враќање на доработка на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности

1.Советот на Општина Велес ја враќа на доработка Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година до предлагачот.

2.Во Програмата да се изврши доплнување со нови годишнини на значајни настани и личности, а при тоа да се изврши консултација со Државен Архив на Република Македонија - Подрачно одделение Велес и значајни историчари.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-262/8
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов.с,р

8.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Локалната установа „Народен музеј" Велес за 2006 година и цели до крајот на 2008 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Локалната установа „Народен музеј" Велес за 2006 година и цели до крајот на 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/7
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма за работа на Локалната установа"Народен музеј" Велес за 2006 година и цели до крајот на 2008 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работа на Локалната установа "Народен музеј" Велес за 2006 година и цели до крајот на 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-262/9
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

9.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт" Велес за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за

усвојување на Годишната програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт“ Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/8
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 23, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Парк-Спорт”Велес за 2006 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спорски објекти “Парк-Спорт” Велес за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-262/10
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

10.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата „Коле Неделковски“ за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата „Коле Неделковски“ за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/9
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2005 година

1.Советот на Општина Велес го усвојува Извештајот за работата на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-262/11
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

11.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за издаден деловен простор под закуп во спортската сала „25 Мај“

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за издаден деловен поростор под закуп во спортската сала „25 Мај“, што Советот на Општина Велес го донесе на

седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/10
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 58 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за издаден деловен простор под закуп во спортската сала „25 Мај“

1.Советот на Општина Велес ја прифаќа Информацијата за издаден деловен простор под закуп во спортската сала „25 Мај“.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-262/12
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

12.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за назначување внатрешен ревизор во Општина Велес

Се прогласува Решението за назначување внатрешен ревизор во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/11
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 69 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 37 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.61/04) и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општината Велес бр. 01011670/1 од 23.08.2005 година,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за назначување внатрешен ревизор во Општина Велес

1.Со ова Решение се назначува внатрешен ревизор во Општина Велес согласно меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија.

2.За Внатрешен ревизор во Општина Велес се назначува лицето:

- Слободан Атанасовски, дипломиран економист, со постојана адреса на ул. „Ганчо Хаџи Панзов“ бр. 7 во Велес.

3.Внатрешниот ревизор е должен да ја извршува својата работа согласно со закон, подзаконските акти, стандардите и етичкиот кодекс.

4.Внатешниот ревизор самостојно врши ревизија на финансиското работење на Општината како и ревизија на финансиското работење на јавните претпријатија, институциите и установите основани од Општината.

5.Внатрешниот ревизор е независен и е одговорен пред Градоначалникот и пред Советот на Општина Велес и за својата работа поднесува извештај до Градоначалникот и Советот на Општината Велес.

6.Оваа Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-262/13
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

13.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на деловен простор под закуп на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт“Велес

Се прогласува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на деловен простор под закуп на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/12
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр. 38/96) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа(“Сл. весник на РМ” бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на деловен простор под закуп на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Парк-Спорт”Велес

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на деловен простор под закуп, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Парк-Спорт”- Велес на седницата одржана на 13.01.2006 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-262/14
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

14.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортски објекти и терени со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти„Парк-Спорт“Велес

Се прогласува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување цени за користење на спортски објекти и терени со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/13
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр. 38/96) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа(“Сл. весник на РМ” бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и терени со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Парк-Спорт”Велес

1.Со ова Решение се дава согласност на

Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и терени со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти"Парк-Спорт" Велес, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Парк-Спорт"- Велес на седницата одржана на 13.01.2006 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-262/15
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

15.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на членови во Управен одбор на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на членови во Управен одбор на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/14
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 23, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1.03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.01.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес

1.Од членови во Управниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес се разрешуваат:

-Божидар Јовиќ -претседател,
-Тодор Сутинов -член,
-Илија Димовски -член,
-Силвана Таскова-член, и
-Панче Иванов -член.

2.За членови во Управниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес се именуваат:

за претседател:
- Панче Иванов-професор,
за членови:
-Стефани Андреева-професор,
-Вера Жабева наставник,
-Орданче Амбарков -професор и
-Трајче Панов -професор.

3. Мандатот на членовите во Управниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес трае 4(четири) години.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-262/16
25.01.2006 година
В е л е с.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

16.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/15
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 23, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1.03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на својата одржана седница на 25.01.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на членови во Надзорниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес

1.Од членови во Надзорниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес се разрешуваат:

- Љубенчо Петрушевски -претседател , и

-членовите:

-Роска Чукниева,

-Бојан Тодоров.

2.За членови во Надзорниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес се именуваат:

за претседател

-Васка Палитова-професор,

за членови:

-Дејан Неделков - професор,

-Фиданка Ивановска -професор.

3. Мандатот на членовите во Надзорниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес трае 4 (четири) години.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Велес".

Број 0701-262/17
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

17.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување на член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Велес

Се прогласува Решението за разрешување на член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.01.2006 година.

Број 0801-277/16
25 јануари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 23, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1.03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на својата одржана седница на 25.01.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на член од Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Велес

1.Од член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом -Велес се разрешува:

Дејан Гавазов-член на Советот на Општина Велес.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-262/18
25.01.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
1	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година** **ОДЛУКА за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велесза 2006 година**	1
2	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес**	2
3	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита** **О Д Л У К А за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита**	3
4	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на спортот** **О Д Л У К А за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на спортот**	3
5	**З А К Л У Ч О К** **за прогласување на Одлуката за нарачка на авторско дело** **ОДЛУКА за нарачка на авторско дело**	4
6	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес**	5
7	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за враќање на дорабoтка на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година** **З А К Л У Ч О К за враќање на дорабoтка на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности**	5

Бр на акт **Страница**

8	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишнатапрограма за работа на Локалната установа „Народен музеј“ Велес за 2006 година и цели до крајот на 2008 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Локалната установа”Народен музеј” Велес за 2006 година и цели до крајот на 2008 година**	6
9	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт“ Велес за 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Парк-Спорт”Велес за 2006 година**	6
10	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата „Коле Неделковски“ за 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за работа на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес за 2005 година**	7
11	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за издаден деловен простор под закуп во спортската сала „25 Мај“** **З А К Л У Ч О К за прифаќање на Информацијата за издаден деловен простор под закуп во спортската сала „25 Мај“**	7
12	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за назначување внатрешен ревизор во Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за назначување внатрешен ревизор во Општина Велес**	8
13	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на деловен простор под закуп на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт“Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на деловен простор под закуп на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Парк-Спорт”Велес**	9

Бр на акт **Страница**

14	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортски објекти и терени со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти„Парк-Спорт“Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и терени со кои стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти”Парк-Спорт”Велес**	9
15	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на членови во Управен одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес**	10
16	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови во Надзорниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес**	10
17	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување на член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на член од Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Велес**	11

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00